# „Семоќниот Аллах му дава рок на неправедникот, но кога ќе го фати нема да може да избега

Ебу Муса, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Семоќниот Аллах му дава рок на неправедникот, но кога ќе го фати нема да може да избега. Потоа, Пратеникот го рецитирал ајетот: ‚Ете така Господарот твој казнува кога казнува села и градови кои правеле насилства, Тој ги казнува, навистина, болно и страшно.‘“ [Худ: 102].
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè предупредува за тоа колку е погубно да се настојува во гревови, ширк (политеизам) и неправда кон луѓето. Аллах, Севишниот, го остава неправедникот да прави неправда, го остава да живее, му дава богаство и му ја одложува казната, но ако не се покае, го зграбува и не го остава ниту го пушта поради неправдата што ја направил. Потоа Пратеникот го цитирал ајетот: „Ете така Господарот твој казнува кога казнува села и градови кои правеле насилства, Тој ги казнува, навистина, болно и страшно.“ [Худ: 102].



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee